Прашања и одговори бр. 1

за јавен повик 01-114/2026, со предмет Масло за горење – мазут М1

1. Во Прилог 1 (Образец на Понуда) од Тендерската документација, под табелата во точка 4*, е наведено дека референтната цена на Масло за горење М-1 се определува според важечката Одлука на Регулаторната комисија за енергетика на РСМ на денот на објавата во дневниот печат — 02.11.2026 година. Со оглед на тоа што огласот е објавен на 26.10.2026 година, а крајниот рок за доставување на понудите е 01.11.2026 год (недела), референтниот датум наведен во Прилог 1 точка 4* е по датумот на поднесување на понудите, што создава дилема и контрадикторност.
   Ве молиме да прецизирате: според која важечка Одлука на РКЕ (од кој конкретен датум) економските оператори треба да ја понудат референтната цена на Мазут М-1?

   Одговор: Се работи за техничка грешка во датумите наведени во точка 1.5 и во Прилог 1 од тендерската документација. Соодветни корекции се направени и во тендерската документација.

2. Од причина што наведениот краен рок за доставување на понудите е недела (1.11.2026), дали истиот останува како краен рок за доставување на понудите и дали доколку е така ќе работи архивата на АД ЕСМ?

   Одговор: Се работи за техничка грешка, соодветна корекција е направена во тендерската документација.

3. Согласно точка 1.7 како место за отварање на понудите е определено 1.11.2026 (недела), дали истото ќе се одржи на тој датум иако недела претставува неработен ден? Дополнително во јавниот повик е наведено дека јавното отврање на понудите ќе се изврши на 02.11.2026 (понеделник). Оттука на кој датум ќе се изврши јавното отврање на понудите?

   Одговор: Се работи за техничка грешка, соодветна корекција е направена во тендерската документација.

4. Дали е задолжително присуство на претставници на понудувачите на јавното отворање на понудите?

   Одговор: Не е задолжително присуството на претставници на понудувачите на јавното отворање на понудите.

5. Од причина што тендерот е објавен и на веб страницата на ЕСМ и од таму е превземан документацијата, дополнително во кои дневни весници и на кој ден е објавен тендерот 01-114/2026? Истото го прашуваме со цел точно пополнување на Прилог 3 – Изјава за прифаќање на услови за тендерот.

Одговор: Огласот е објавен во дневните весници Слободен печат и Нова Македонија на ден 26.10.2026 година, а на 30.10.2026 година е направена измена во истите дневни весници.

6. Поврзано со Прилог 5 и член 9 од Договорот, каде и како се впишува густината на 15 степени?

Одговор: Бараниот податок се впишува во пополнетиот Прилог бр. 5 којшто е потребно да го доставите согласно условите во тендерската документација како составен дел од понудата.

7. "Согласно член 3 од Модел договорот каде се дефинирани испораките, би сакале да потенцираме дека ниту во Тендерската документација, ни во Модел Договорот не е предвидена динамика со количини коишто треба да ги нарача купувачот туку врз основа на дневни нарачки. Во врска со ова предлагаме да се наведат ориентациони месечни динамики на испораките, каде Купувачот би можел да планира набавка на предметот на јавниот повик. Ваквата динамика би била во корист за двете договорни страни, односно обезбедување на навремена испорака на производот"

Одговор: Членот 3 од Моделот на договор е дефиниран според потребите на Купувачот, а согласно фактот што потрошувачката на мазут зависи од повеќе фактори кои во најголем дел се непредвидливи. Од тие причини невозможно е да се наведат ориентациони месечни динамики на испораките.

8. Во јавниот повик бр. 01-114/2026, во точка 8 е наведено дека јавното отворање на понудите ќе се изврши на ден 02.11.2026 година во 09:30 часот, но во самата тендерска документација во точка 1.5 како краен рок за доставување на понудите е 01.11.2026 година до 09:30 часот (недела). Ве молиме да се прецизира и да се коригира Тендерската документација.

Одговор: Се работи за техничка грешка, соодветна корекција е направена во тендерската документација.

9. Во јавниот повик бр. 01-114/2026, во точка 3.1 е наведено дека количините за набавката се околу 6.500.000 килограми, но во тендерската документација во точка 1.3 е наведено дека предмет на набавката е во количина околу 6.500.000 тони. Ве молиме за корекција на тендерската документација.

Одговор: Точната количина е 6.500.000 килограми, соодветна корекција е направена во тендерската документација.

10. Во тендерската документација, во точка 1.9 имате наведено дека понудувачот треба да го има предвид Правилникот за квалитет на течни горива но во Службен весник е донесен Правилник за престанување на важењето на Правилникот за квалитетот на течните горива („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/07, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08, 78/08, 156/08, 81/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 217/22).
    Со неговото престанување е донесена нова Уредба за квалитетот на течните горива која започнува да важи од 08.07.2026 година. Ве молиме за корекција на Тендерската Документација.

    Одговор: Благодариме на укажувањето, соодветна корекција е направена во тендерската документација. Воедно укажуваме на член 1 став 5 од моделот на договор даден во прилог 2 од тендерската документацика, каде што се вели: *„Во случај во текот на времетраењето на овој Договор, со законска или подзаконска регулатива да се одобри за продажба и користење друг тип на мазут соодветен на предметот на набавка на овој Договор, Продавачот е должен да испорачува таков тип на мазут."*

11. Во прилог 1 во Финансискиот дел на понудата е предвидено дека единечната цена на мазут – Масло за горење М-1, согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од Регулаторна комисија за енергетика за РСМ, која важи на денот на објава на огласот во дневните весници а е запишан датумот на крајниот рок на поднесување на понудата (02.11.2026 год). Ве молиме за појаснување, дали цената на понудата треба да биде според важечката на денот на поднесување (02.11.2026) или на важечката на денот на објава на огласот (26.10.2026 година).

    Одговор: Се работи за техничка грешка во Прилог 1, точка 4. Соодветна корекција е направена и во тендерската документација.

***Ве информираме дека на 30.10.2026 година ќе се објави корекција на огласот и на web страницата на АД ЕСМ ќе има коригирана тендерска документација.**

Комисија за јавни набавки